ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија 6б, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 000
Централа.: 02 3289 000
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

Од: ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
Дата: 02.03.2011

# СООПШТЕНИЕ ДО ЈАВНОСТА

## Задолжително здравствено осигурување за индивидуалните земјоделци

Започнувајќи од март оваа година за прв пат лицата осигурани како индивидуални земјоделци, **ќе можат декларациите од УЈП да ги подигнат од подрачните служби на ФЗОМ за цела 2011 година одеднаш**. Со ова се овозможува индивидуалните земјоделци месечно или повеќе месечно однапред, да вршат уплата и подигање на сини картони од соодветните подрачни служби на Фондот, за разлика од досега кога земјоделците секој месец мораа да вршат 3 посети во државните институции и 1 во банка за да подигнат сини картони.

*„Конкретно секој месец осигурениците (земјоделци) требаа да дојдат во подрачните служби на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за да им се направат пресметки. Пресметката подрачните служби ја доставуваа до УЈП да изготви декларација и врз основа на вака утврдената декларација земјоделците го уплатуваа придонесот во некоја од банките каде се врши платниот промет. Откако ќе ја извршеа уплатата на придонесот во банка, осигурениците (земјоделци) повторно се враќаа во подрачните служби на Фондот да подигнат плави картони“.*

Со овој потфат на ФЗОМ во координација со УЈП, кој воедно е зајакнување на координацијата на инситуциите, се врши олеснување на начинот и постапката на издавање на сини картони за индивидуалните земјоделци и најважно од се, се намалува бројот на посети на шалтерите во институциите.

Оваа новина важи за 11.500 индивидуални земјоделци носители на здравствено осигурување и нивните членови од фамилијата евидентирани во ФЗОМ до 31.01.2011 година. Овој проект за административно олеснување е само еден од проектите на ФЗОМ за 2011 година, додека за другите јавноста ќе биде навремено информирана.

Бранко Аџигогов
Портпарол